РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕ...
REPUBLIKA E MAQEDONISË S...
Дирекција за технолошки индустриски развој...
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike ind...

| Примено: Pranuar: | 13. 12. 2024 | |
|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: |
| 05 | 570/17-4 | |


**Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје**

**Извештај за фактичките наоди**
**за законитоста на спроведените постапките за**
**доделени договори за јавни набавки**
**кои се однесуваат на работи и услуги за**
**капитални инвестиции**
**за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни**
**2024 година**

**СОДРЖИНА**


| | Страна |
|---|---|
| Извештај за фактичките наоди | 1 – 6 |
| Прилог 1 – Евиденција на селектирани ставки за тестирање на законитоста на спроведените постапките за доделени договори за јавни набавки кои се однесуваат на работи и услуги за капитални инвестиции за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година | 7 – 12 |
| Прилог 2 - Евиденција на селектирани ставки и % на реализација за доделени договори за јавни набавки кои се однесуваат на работи и услуги за капитални инвестиции за периодот 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 | 13 |

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.mazars.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФАКТИЧКИТЕ НАОДИ

**До раководството на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје**

Ги извршивме договорените постапки, договорени со Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје (во понатамошниот текст „Дирекцијата"), кои се однесуваат на законитоста на спроведените постапки за доделени договори за јавна набавка кои се однесуваат на работи и услуги за капитални инвестиции. Нашиот ангажман беше извршен во согласност со Меѓународниот Стандард за поврзани услуги 4400 „Ангажмани за извршување процедури за усогласеност на постапките во врска со финансиски информации" што е во примена во Република Северна Македонија. Постапките беа извршени исклучиво за ексклузивните цели на Дирекцијата за оценка на спроведените процедури за законска усогласеност на постапките за доделени договори за јавни набавки на работи и услуги за капитални инвестиции за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година.

Врз основа на договорените постапки, засновани на документацијата обезбедена од страна на Дирекцијата, како и тендерските досиеја преку државниот Електронски систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН) беа разгледани од формален аспект за да се провери дали при спроведување на постапките се испочитувани одредбите од Законот за јавни набавки како и дали се почитуваат пишаните процедури и интерните акти на Дирекцијата за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки.

*Пишани процедури и интерни акти за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки*

Согласно нашите постапки идентификувавме дека Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје има воспоставено интерен акт „Упатство за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони" архивски број 02-1261/1 од 4 ноември 2020 година кој го уредува начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во Дирекцијата. Притоа, Упатството го уредува начинот на спроведување на постапките за јавни набавки согласно следниот тек на настани:

- Барање за потреба и отпочнување на постапка за доделување на договор за јавна набавка (Формулар 1);
- Подготвување на акти потребни за спроведување на јавната набавка;
- Извршување (реализација) на Договорот.

Согласно горенаведеното Упатство, постапката за доделување на Договор за јавна набавка започнува со Барање за потреба и отпочнување на постапка за доделување на договор за јавна набавка од страна на Раководителите на секторите кое се доставува потпишано во хартиена форма на пропишан (Формулар 1) до Одделението за јавни набавки. Барањето за потребата и отпочнување на постапка на доделување на договор за јавна набавка во својата содржина ги вклучува сите потребни податоци и придружни документи за подготвување на Одлука за јавна набавка и тендерска документација. Притоа, јавната набавка за која се испраќа барање за отпочнување и спроведување на истата треба да биде предвидена во Годишниот план за јавни набавки.

Одделението за јавни набавки ја подготвува Одлуката за потреба од јавна набавка, ја одредува комисијата за јавната набавка, подготвува тендерска документација, го објавува огласот за јавна набавка и ја води целокупната постапка преку ЕСЈН. Назначената Комисија за јавни набавки согласно Одлуката за потребата од јавна набавка ја отпочнува и спроведува постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки (ЗЈН) ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/19 и 87/21).

По завршување на постапката за јавна набавка и избор на економски оператор извршувањето односно реализацијата на Договорот се врши од страна на Секторот од каде е доставено Барањето за спроведување на постапката. Имено, по потпишување и архивска заверка на Договорот од двете договорни страни примерок во копија од Договорот се доставува до Секторот од каде е доставено Барањето за спроведување на постапката заради контрола и следење на реализација на истиот. Доколку во текот на реализација на Договорот се појави потреба од изменување на Договорот, лицето кое ја следи реализацијата на договорот доставува до Одделението за јавни набавки Барање со детално образложение согласно одредбите од ЗЈН за потребата од изменување на Договорот.

(продолжува)

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФАКТИЧКИТЕ НАОДИ

**До раководството на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје (продолжение)**

Извршивме увид на текот на настаните од отпочнување на постапките за јавни набавки согласно воспоставените интерни процедури и утврдивме дека горенаведеното Упатство генерално се почитува. Годишниот план за јавни набавки за 2024 година од страна на Дирекцијата во пропишаната форма е навремено објавен на ЕСЈН. За периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година е направена една измена и истата е објавена на ЕСЈН на датум 15 февруари 2024.

Понатаму, преку селектиран примерок во согласност со Меѓународниот Стандард за Ревизија (МСР) 530 – Ревизорски примерок (3 селектирани ставки од 2024 година), извршивме увид и проследување до поткрепувачката документација во спроведените постапки за јавни набавки. Конкретно, за 2024 година извршивме увид на една спроведена постапка за јавни набавки на работи за склучени договори во вкупен износ од 412,795,750 денари (100% од вкупната популација) и две постапка за јавни набавки на услуги за склучен договори во вкупен износ од 47,199,995 денари (18.59% од вкупната популација), Прилог 1 кон овој Извештај.

Врз основа на договорените постапки кои ги извршивме во периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година, а кои беа засновани на преглед на документација, интервјуа со одговорните вработени од различните сектори, како и увид во релевантните компоненти на работните процеси, посебно за секоја ставка од примерокот, го констатиравме следново:

1) *Отворена постапка 23970/2023, Работи – Изведување Рамковна спогодба - Уредување и подготвка на земјиште наменето за ЈПП за поставување на ФН електроцентрали*

Во постапката за јавна набавка доставени се две понуди од страна на економските оператори ЗОБЕК МИНИНГ ГРУП ДООЕЛ Скопје и СТЕНТОН ГРАДБА ДООЕЛ Битола. При евалуацијата од страна на комисијата за јавни набавки понудата на понудувачот СТЕНТОН ГРАДБА ДООЕЛ Битола не била во рамките на износот што го имаат утврдено со Одлука за потреба од јавна набавка и истата е отфрлена. Во понатамошна евалуација е земена предвид понудата на ЗОБЕК МИНИНГ ГРУП ДООЕЛ Скопје и истата е избрана за најповолна. Од страна на Бирото за јавни набавки извршена е Управна контрола и со записник бр.17-493/3 од 8 март 2024 година констатирано е дека во предметната постапка за јавна набавка не се утврдени неправилности кои влијаат на исходот на постапката и договорниот орган може да продолжи со истата согласно одредбите од ЗЈН. Склучена е рамковна спогодба со ЗОБЕК МИНИНГ ГРУП ДООЕЛ Скопје архивски број 05-530/4 од 26 март 2024 година како и поединечен договор за уредување и подготовка на земјиште наменето за јавно-приватно партнерство ЈПП во ТИРЗ Штип за поставување на ФН електроцентрали архивски број 05-530/5 од 20 мај 2024 година на износ 302,685,472.51 денари со вклучен ДДВ за кое сеуште не бил избран приватен партнер. До датумот на овој извештај не се склучени анекси на Договорот, додека поединечен договор по рамковна спогодба не е склучен за ТИРЗ Струмица и ТИРЗ Струга за кои веќе бил избран приватен партнер во отворената постапка 21258/2023, опишано под точка 1) во овој Извештај.

Согласно одржаната 150-та редовна седница на Управниот одбор на Дирекцијата како и заклучоците наведени во точка 2 од Записникот бр.02-163/2 од 6 декември 2023 година во тендерската документација требало да се предвиди одредба да не се склучува договор за конкретната локација доколку за таа локација во постапката за воспоставување на ЈПП за фотонапонски централи не е добиена соодветна понуда. Притоа, таква одредба не е предвидена во објавената тендерската документација.
Понатаму, постапката за воспоставување на јавно-приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Штип е поништена со одлука за поништување 02-398/3 од страна на УО на Дирекцијата од 20 февруари 2024 година како и Одлука за давање согласност на одлуката за поништување на постапката донесена од Владата на РСМ на седница одржана на 27 февруари 2024 година број 41-2548/10.
Со оваа одлука е јасно дека воспоставување на ЈПП за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали (ФН) во ТИРЗ Штип нема да се реализира и нема избран приватен партнер, но и покрај тоа е склучен поединечен договор од Рамковната спогодба за уредување и подготовка на земјиште наменето за ЈПП во ТИРЗ Штип за поставување на ФН електроцентрали на износ од 302,685,472.51 денари со вклучен ДДВ кој претставува и најголен дел од вкупната вредност на договорот за рамковната спогодба која во вкупен износ изнесува 412,795,748.68 денари, притоа остатокот од 110,110,276.17 се однесува за следните локации за уредување и подготовка на земјиште наменето за ЈПП за кои нема склучено поединечен договор:

- ✓ ТИРЗ Скопје 1 - цена со ДДВ 59,475,060.86 денари
- ✓ ТИРЗ Скопје 2 - цена со ДДВ 21,970,449.26 денари
- ✓ ТИРЗ Струмица - цена со ДДВ 5,899,498.80 денари – има избран приватен партнер
- ✓ ТИРЗ Прилеп - цена со ДДВ 13,791,180.10 денари
- ✓ ТИРЗ Струга - цена со ДДВ 8,974,087.15 денари – има избран приватен партнер

(продолжува)

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФАКТИЧКИТЕ НАОДИ

**До раководството на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје (продолжение)**

Врз основа на спроведените постапки во врска со оваа јавна набавка, ги утврдивме следниве наоди:

А) Не е соодветно постапено согласно заклучоците наведени во точка 2 од Записникот бр.02-163/2 од 6 декември 2023 година од 150-та редовна седница на Управниот одбор на Дирекцијата во која е наведено дека во тендерската документација треба да се предвиди одредба да не се склучува договор за конкретната локација доколку за таа локација во постапката за воспоставување на ЈПП за фотонапонски централи не е добиена соодветна понуда. Притоа, таква одредба не е предвидена во објавената тендерската документација, меѓутоа Директорот на Дирекцијата бил должен да ги извршува одлуките на Управниот одбор согласно член 15 од применливиот Законот за технолошки индустриски развојни зони. Дополнително, покрај поништената одлука за воспоставување на јавно-приватно партнерство (ЈПП) за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Штип поништена со одлука за поништување 02-398/3 од страна на УО на Дирекцијата од 20 февруари 2024 година како и Одлука за давање согласност на одлуката за поништување на постапката донесена од Владата на РСМ на седница одржана на 27 февруари 2024 година број 41-2548/10 склучен е поединечен Договор од рамковната спогодба 05-530/5 од 20 мај 2024 за уредување и подготовка на земјиште наменето за ЈПП во ТИРЗ Штип за поставување на ФН електроцентрали на износ 302,685,472.51 денари со вклучен ДДВ. Предметниот договор предизвикува фискални импликации и не овозможува ефективно и ефикасно користење на јавните средства за постигнување на програмските цели на Владата на РСМ.

2) *Отворена постапка 09071/2024 - Услуги Вршење на сметководствено - финансиски услуги за потребите на Дирекцијата*

Доставена е една понуда од страна на КНИГОПРИМА КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје. По извршената евалуација од страна на Комисијата за јавни набавки понудата е избрана за најповолна и склучен е договор архивски број 05-777/2 од 28.06.2024 со период на важност од 12 месеци. До датумот на овој Извештај не е се направени измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност.

Врз основа на спроведените постапки во врска со оваа јавна набавка не се идентификувани наоди.

3) *Отворена постапка 18311/2023 која се однесува на набавка на услуги од агенција за привремени вработувања*

Во постапката за јавна набавка доставени се шест понуди од страна на економските оператори КОНТАКТ БИЗНИС Скопје, СПИД Скопје, ДЕКРА АРБЕИТ МАКЕДОНИЈА Скопје, АНТОРИС Скопје, МОТИВИ Скопје, ВРАБОТУВАЊЕ ХР СОЛУТИОНС Скопје.

Од страна на Бирото за јавни набавки е извршена Управна контрола и со записник бр.17-2164/3 од 27 декември 2023 година е констатирано дека комисијата за јавна набавка при евалуацијата на понудите направила превид кога за прифатлива понуда ја оценила понудата на економскиот оператор МОТИВИ Скопје односно истиот доставил изјава согласно член 88 став (1) од Законот за јавни набавки која е потпишана со неважечки дигитален сертификат чија важност била до 28 септември 2023 година. Имајќи предвид дека при спроведувањето на управната контрола Бирото за јавни набавки констатира неправилност која влијае врз исходот од постапката, но со оглед на тоа дека истата можела да се отстрани во оваа фаза од постапката препорачала Комисијата за јавни набавки преку модулот повторна евалуација, повторно да ја евалуира понудата на економскиот оператор МОТИВИ Скопје и да ја отстрани констатираната неправилност и да продолжи со постапката согласно Законот за јавни набавки. Така, при повторната евалуација за најповолна понуда е избрана понудата на економскиот оператор СПИД, единечната цена на услугата изнесува 9.5% провизија од износот на бруто плата на отстапен работник, додека максималната вредност на Договорот изнесува 46,020,000 денари со вклучен ДДВ со напомена дека корисникот на услугата не се обврзува да ја искористи целата вредност од овој договор. До датумот на овој Извештај не е се направени измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност.

Врз основа на спроведените постапки во врска со оваа јавна набавка не се идентификувани наоди.

(продолжува)

Постапки за кои не се спроведува Законот за јавни набавки согласно член 23, точка 3, алинеја а) од Законот за јавни набавки

4) *Договор за времено користење на деловен простор под закуп склучен со АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката – Скопје – постапка водена согласно член 23, точка 3, алинеја а) од Законот за јавни набавки*

Дирекцијата за потребите за обезбедување на деловен простор на времено користење со надомест за вршење работи од своја надлежност по спроведеното електронско јавно наддавање по објава 04/2023 на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за издавање на деловен простор кој се наоѓа во Национална арена „Тодор Проески" како избран најповолен понудувач има склучени Договор за закуп со АД за изградба и стопанисување со стамбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје со архивска заверка од страна на Дирекцијата број 03-201/1 од 24 јануари 2024, заверен кај Нотар Никола Спасовски од Скопје ОДУ број 37/24 од 6 февруари 2024, локал на кат приземје со површина 2,066 м² евидентиран во Имотен лист број 44724 на улица 1732, бр.2 за КО Центар 1 за месечна закупнина од 1,257,000.00 денари, сса. 10 еур/м². Договорот за закуп е склучен за период од 5 години, почнувајќи од записничкото примопредавање на деловниот простор. По склучениот Договор за истиот е побарана и соодветна адаптација на просторот. Со одлука од страна на директор Јован Деспотовски 03-389/25 од 7 март 2024 е дадено овластување на тројца вработени лица во Дирекцијата, Благоја Богоевски, Игор Неделковски и Горан Трајковски, да извршат записничко примопредавање на деловниот простор. Записникот за примопредавање број 11-3237/1 од 3 јули 2024 е потпишан само од лицето Благоја Богоевски, меѓутоа не и од останатите вработени лица овластени за потпишување. Притоа, вработеното лице Горан Трајковски преку е-маил комуникација од 16 април 2024 се изјаснило дека нема да го потпише записникот од причина што смета дека целиот Договор е на штета на Дирекцијата. Притоа, вработеното лице Благоја Богоевски не е овластено за самостојно потпишување на Записникот со што се доведува до прашање полноважноста на истиот. Записникот е потпишан на 3 јули 2024, еден ден по разрешувањето на Директорот Јован Деспотовски на 2 јули 2024 од кого е дадено овластувањето.

Со именување на новиот Директор Гоце Димовски на 2 јули 2024, не е дадено ново овластување за примање на деловен простор во владение и самостојно потпишување на записник од страна на Благоја Богоевски. Понатаму, од страна на дел од вработените во Дирекцијата со своерачен потпис од 28 вработени лица е упатен писмен допис 03-666/1 од 16 април 2024 година до тогашниот Директор Јован Деспотовски и Управниот одбор на Дирекцијата во кој се изјавува загриженост за условите на работната средина на новите деловни простории како и дали истите ја задоволуваат намената за која би биле употребувани. Изјавата за загриженост е дискутирана на 160-та седница на Управниот одбор на Дирекцијата на датум 11 јуни 2024 и по истата нема конкретни заклучоци. Заради разрешување на целокупната ситуација е побарано мислење од вешто лице Мр. Јонче Стратијев Дипл. Инжинер Архитект. По извршениот увид на 18 јули 2024 од страна на вештото лице на лице место на предвидената локација како и со увид на документација, бил подготвен наод и мислење бр.24/24 03-931/2 од 20 август 2024 година во кој е констатирано следново:

- Предметниот деловен простор кој се наоѓа на улица 1732, број 2 под источна трибина на градскиот стадион Скопје, КП 5336/0, КОО Центрар 1 не ги исполнува минимално техничките услови за непречено и квалитетно извршување на административно канцелариска дејност
- Не се комплетирани градежните работи и дел од работите се наквалитетно извршени со видливи недостатоци поради кои Дирекцијата на ТИРЗ не може да го користи за извршување на својата дејност
- Недвижниот имот предмет на закуп не е најподобен за вршење на дејноста на Дирекцијата
- Недвижниот имот предмет на закуп не е примен со полноважен и уреден записник од страна на Дирекцијата
- Дирекцијата неколку пати доставувала писмени приговори до Закуподавачот за состојбата на просторот, но Закуподавачот не постапувал по приговорите за да се одстранат недостатоците или да се дозавршат незавршените работи

(продолжува)

Врз основа на разгледаната документација, го утврдивме следниов наод:

А) Склучениот Договорот за закуп од 6 февруари 2024 предизвикува финансиски импликации по Буџетот на Дирекцијата и не ја решава трајно потребата за обезбедување на квалитетни услови за непречено и квалитетно извршување на административно канцелариската дејност со оглед на тоа дека постоечкиот простор е добиен на трајно користење без надоместок. Исто така, согласно даденото мислење од страна на вештото лице, закупениот објект не ги исполнувал минимално техничките услови за непречено и квалитетно извршување на административно канцелариска дејност.

5) *Реализација на Договор за собирање, транспортирање и депонирање на отпад со ЈПКД „Комуналец" Струмица архивски број 03-1607/1 од 13 декември 2022 година – постапка водена согласно член 23, точка 4 од Законот за јавни набавки*

За потребите на ТИРЗ Струмица за преземање на комунален отпад од објектот, транспорт и депонирање на отпадот на градската депонија склучен е Договор за собирање, транспортирање и депонирање на отпад со ЈПКД „Комуналец"- Струмица со архивски број 03-1607/1 од 13 декември 2022 година за површина од 209.442 м². Согласно договорните обврски услугата е планирана да се врши 2 (два) пати во текот на една недела од страна на давателот на услугата. Висината на износот на месечната фактура се пресметува по редовни цени по кои работи и давателот на услугата утврдени со одлука на Управен Одбор на ЈПКД „Комуналец"- Струмица, а со согласност на Советот на Општина Струмица.

Согласно Одлуката на Управниот Одбор за утврдување на цените на услугите за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на подрачјето на Општина Струмица архивски број 02-5590/8 од 19 јуни 2014 година донесена од Советот на Општина Струмица бр.08-4739/2 од 15 јули 2014 година, висината на цената за конкретниот договор односно надоместокот за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица е утврден 5.50 денари/м² месечно и за дворно место 1,90 денари/м² за правни лица кои вршат нестопанска дејност како и правни лица кои вршат стопанска дејност согласно точка 2, член 3 од Одлуката. Истото резултирало со добивање фактури до Дирекцијата на месечен износ повеќе од 400,000 денари.

Во склучениот договор е наведено дека услугата се наплатува за површина од 209,442 м² која претставува вкупна површина на целата ТИРЗ зона во Струмица. Притоа, ТИРЗ Струмица се наоѓа на 7 км источно од градот Струмица, односно јужно од регионалниот пат кој ги поврзува Куклиш – Банско – Ново Коњарево. Вкупната површина на зоната изнесува 24.77 хектари. Во ТИРЗ Струмица активно оперира само една компанија од автомобилската индустрија на изградена површина од 12,500 м². Комуналниот отпад од ТИРЗ зоната во Струмица главно произлегува од оперативното работење на самата компанија и се депонира во контејнери.

Понатаму, согласно член 10 од Методологијата за пресметување на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпад (Службен весник бр.30 од 26 февруари 2013 година) во точка 1 е наведено дека големи правни субјекти (производствени капацитети, трговски центри, фабрики, банки, хотели, осигурителни компании, стоваришта и други правни субјекти), за кои единица мерка за цена на услугата може да биде ден/kg и ден/m³.

Во овој случај комуналниот отпад се однесува на голем правен субјект, фабрика сместена во рамките на ТИРЗ Струмица како и производствен капацитет од кој комуналниот отпад се одлага во контејнери. Како резултат на тоа, согласно член 10 од Методологијата за пресметување на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпад единица мерка за цена на услугата може да биде ден/m³, а не ден/м² како што е склучен договорот.

Согласно точка 3, член 4 од Одлуката на Управниот Одбор за утврдување на цените на услугите за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на подрачјето на Општина Струмица архивски број 02-5590/8 од 19 јуни 2014, надоместокот за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и индустриски неопасен отпад од правни лица со деловни простори/објекти лоцирани на територијата на Општина Струмица и надвор од Општина Струмица утврдени според волуменот на отпадот надоместокот за извршената услуга кои користат контејнери изнесува за контејнер со волумен од 5-7 м³ лоцирани на територијата на Општина Струмица надоместокот се утврдува на 660 денари/м³.

(продолжува)

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФАКТИЧКИТЕ НАОДИ**

**До раководството на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје (продолжение)**

Врз основа на разгледаната документација, ги утврдивме следниве наоди:

А) Согласно склучениот Договор за собирање, транспортирање и депонирање на отпад со ЈПКД „Комуналец"- Струмица несоодветно се пресметува преземањето на комуналниот отпад од објектот лоциран во ТИРЗ Струмица, притоа погрешно е применет член 3 од Одлуката на Управниот Одбор на ЈПКД „Комуналец"- Струмица за утврдување на цените на услугите за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на подрачјето на Општина Струмица архивски број 02-5590/8 од 19 јуни 2014.

Бидејќи горенаведените постапки не претставуваат ниту ревизија, ниту проверка направена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија или Меѓународните стандарди за ангажмани за проверка кои се во примена во Република Северна Македонија, ние не изразуваме никакво уверување во смисла на тие стандарди.

Доколку извршевме дополнителни постапки или пак извршевме ревизија или проверка на финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија или Меѓународните стандарди за ангажмани за проверка кои се во примена во Република Северна Македонија, можеби ќе забележевме други прашања за кои би Ве известиле.

Нашиот Извештај е наменет исклучиво за целта наведена во првиот пасус од овој Извештај и за Ваше информирање и не треба да се користи за која било друга цел или да се дистрибуира на кои било други страни. Овој Извештај се однесува само на ставките кои се определени погоре и не опфаќа кои било други прашања, ниту се однесува на финансиските извештаи на Дирекцијата за анализираниот период 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 земени како целина.

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Управител

Скопје
18 септември 2024 година

Јане Иванов
Овластен ревизор

ПРИЛОГ 1 – Евиденција на селектирани ставки за тестирање на законитоста на спроведените постапките за доделени договори за јавни набавки кои се однесуваат на работи и услуги за капитални инвестиции за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година

| | Спроведена постапка за јавна набавка | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за начинот на спроведување на постапките за ЈН (архивски број 02-1261/1 од 04.11.2020) | | ТЕД согласно член 41 од ЗЈН | | на договор | | одлука за јавна набавка ДЕНАРИ | годишниот план за јавни набавки | годишен план за јавни набавки |
| 1 | Дирекција за технолошки индустриски развојни зони | 05-1717/1 од 29.12.2023 | 23970/2023 | Службен весник на РСМ и Службено гласило на ЕУ - ТЕД | Не | Најдобар однос помеѓу цена и квалитет | 05-2023-23970/01/1 од 29.12.2023 | 450,000,000 | 450,000,000 | - |
| 2 | Дирекција за технолошки индустриски развојни зони | 05-777/1 од 27.05.2024 | 09071/2024 | Службен весник на РСМ | Не | Најдобар однос помеѓу цена и квалитет | 05-2024-09071/01/1 од 28.05.2024 | 1,000,000 | 1,000,000 | - |
| 3 | Дирекција за технолошки индустриски развојни зони | 05-1444/1 од 13.10.2023 | 18311/2023 | Службен весник на РСМ и Службено гласило на ЕУ - ТЕД | Не | Најниска цена | 05-2023-18311/01/1 од 17.10.2023 | 39,000,000 | 39,000,000 | - |

ПРИЛОГ 1 – Евиденција на селектирани ставки за тестирање на спроведените постапките за доделени договори за јавни набавки кои се однесуваат на работи и услуги за капитални инвестиции – за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година (продолжение)

| | **Спроведена постапка за јавна набавка** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| 1 | 23970/2023 | 05-2023-23970/08/6 од 29.12.2024 | Работи - Изведување | Отворена постапка | Рамковна спогодба - Уредување и подготвка на земјиште наменето за ЈПП за поставување | 29.12.2023 | 31.01.2024 | 05-2023-23970/17/1 од 31.01.2024 | 2 Понуди - ЗОБЕК МИНИНГ ГРУП ДООЕЛ Скопје и СТЕНТОН ГРАДБА ДООЕЛ Битола |
| 2 | 09071/2024 | 05-2024-09071/08/1 од 28.05.2024 | Услуги | Поедноставена отворена постапка | Вршење на сметководствено - финансиски услуги за потребите на Дирекцијата | 28.05.2024 | 12.06.2024 | 05-2024-09071/17/1 од 12.06.2024 | 1 Понуда - КНИГОПРИМА КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје |
| 3 | 18311/2023 | 05-2023-18311/08/1 од 17.10.2023 | Услуги | Отворена постапка | Набавка на услуги од агенција за привремени вработувања | 17.10.2023 | 17.11.2023 | 05-2023-18311/17/1 од 17.11.2023 | 6 Понуди - КОНТАКТ БИЗНИС Скопје, СПИД Скопје, ВРАБОТУВАЊЕ ХР СОЛУТИОНС Скопје, ДЕКРА АРБЕИТ МАКЕДОНИЈА Скопје, АНТОРИС Скопје, МОТИВИ Скопје |

ПРИЛОГ 1 – Евиденција на селектирани ставки за тестирање на спроведените постапките за доделени договори за јавни набавки кои се однесуваат на работи и услуги за капитални инвестиции – за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година (продолжение)

| | Спроведена постапка за јавна набавка | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број/датум | согласно член 38, став 1 од ЗЈН | број/датум | изборот | договорот | | | |
| 1 | 23970/2023 | 05-2023-23970/20/3 од 01.03.2024 | Да, од сите членови на комисијата | 05-2023-23970/21/1 од 08.03.2024 | 05-2023-23970/22/2, 05-2023-23970/22/3 од 08.03.2024 | Друштво за градежништво и услуги ЗОБЕК МИНИНГ ГРУП ДООЕЛ Скопје | 256,513,112.30 | 46,172,360.21 | 302,685,472.51 |
| 2 | 09071/2024 | 05-2024-09071/20/1 од 12.06.2024 | Да, од сите членови на комисијата | 05-2024-09071/21/1 од 12.06.2024 | 05-2024-09071/22/1 од 12.06.2024 | Друштво за услуги и промет КНИГОПРИМА КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје | 999,996 | 179,999 | 1,179,995 |
| 3 | 18311/2023 | 05-2023-18311/20/19 од 09.01.2024 | Да, од сите членови на комисијата | 05-2023-18311/21/2 од 11.01.2024 | 05-2023-18311/22/1, 05-2023-18311/22/2, 05-2023-18311/22/3, 05-2023-18311/22/4, 05-2023-18311/22/5, 05-2023-18311/22/6 од 11.04.2024 | СПИД Скопје | 39,000,000 | 7,020,000 | 46,020,000 |

ПРИЛОГ 1 – Евиденција на селектирани ставки за тестирање на спроведените постапките за доделени договори за јавни набавки кои се однесуваат на работи и услуги за капитални инвестиции – за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година (продолжение)

| | Склучен договор за реализација на набавката | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број | оглас | избраниот економски оператор | реализација на договорот | важност/склучени Анекси на договорот | Договор со ДДВ | со сите измени | договорот (член 119 од ЗЈН до 20%) | согласно член 103 од ЗЈН (не поголем од 20%) | плаќање |
| 1 | 23970/2023 | 05-530/5 од 20.05.2024 | Месеци: 24 | н/п | н/п | н/п | н/п | н/п | н/п |
| 2 | 09071/2024 | 05-777/2 од 28.06.2024 | Месеци: 12 | н/п | н/п | н/п | н/п | н/п | н/п |
| 3 | 18311/2023 | 05-204/1 од 24.01.2024 | Месеци: 12 | н/п | н/п | н/п | н/п | н/п | н/п |

ПРИЛОГ 1 – Евиденција на селектирани ставки за тестирање на спроведените постапките за доделени договори за јавни набавки кои се однесуваат на работи и услуги за капитални инвестиции – за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година (продолжение)

| | Склучен договор за реализација на набавката | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | на договорот % | | | | договорот | вредност Да/Не | |
| 1 | 23970/2023 | 15% | 45,402,821 | Да | 30.07.2025 | н/п | н/п | Во тек |
| 2 | 09071/2024 | н/п | н/п | н/п | н/п | н/п | н/п | Во тек |
| 3 | 18311/2023 | н/п | н/п | н/п | н/п | н/п | н/п | Во тек |

ПРИЛОГ 1 – Евиденција на селектирани ставки за тестирање на спроведените постапките за доделени договори за јавни набавки кои се однесуваат на работи и услуги за капитални инвестиции – за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година (продолжение)

| | | Усогласување Мазарс | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Број на оглас | Усогласеност со пропишаните вредносни прагови согласно ЗЈН | Евалуацијата на понудите ги содржи сите потписи од комисијата за јавни набавки | Известување за измени или дополнителни информации во постапката | Поднесена жалба до Државна комисија за жалби по јавни набавки и договорниот орган | Предвидена /обезбедена Изјава за сериозност на понудата | Предвидена /обезбедена Банкарска гаранција на понудата (до 3% од вредноста на понудата без вклучен ДДВ) | Избраната најповолна понуда е во рамките на вредноста на Одлуката за јавна набавка | Склучен договор за јавна набавка | Измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност согласно член 119 од ЗЈН | Предвидена /обезбедена банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот (5% до 15%) | Предвидена /обезбедена Банкарска Гаранција за авансно плаќање (не поголема од 20% од вредноста на договорот) | Известување за склучен договор на ЕСЈН | Известување за реализиран договор на ЕСЈН |
| 1 | 23970/2023 | ☑ | ☑ | ☑ | н/п | ☑ | н/п | ☑ | ☑ | н/п | ☑ | н/п | ☑ | н/п |
| 2 | 09071/2024 | ☑ | ☑ | н/п | н/п | ☑ | н/п | ☑ | ☑ | н/п | н/п | н/п | ☑ | н/п |
| 3 | 18311/2023 | ☑ | ☑ | н/п | н/п | ☑ | н/п | ☑ | ☑ | н/п | н/п | н/п | ☑ | н/п |

Прилог 2 - Евиденција на селектирани ставки и % на реализација за доделени договори за јавни набавки кои се однесуваат на работи и услуги за капитални инвестиции за периодот 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024

| | Реализација на склучените Договори | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број | оглас | услуги/работи | [illegible] договор | Предмет на договорот | [illegible] Договорот | [illegible] Договорот | Платен износ | [illegible] финансиска реализација | [illegible] реализација |
| 1 | 23970/2023 | Работи - Изведување | 05-530/5 од 20.05.2024 | Рамковна спогодба - Уредување и подготвка на земјиште наменето за ЈПП за поставување | Друштво за градежништво и услуги ЗОБЕК МИНИНГ ГРУП ДООЕЛ Скопје | 302,685,472.51 | - | - | - |
| 2 | 09071/2024 | Услуги | 05-777/2 од 28.06.2024 | Вршење на сметководствено - финансиски услуги за потребите на Дирекцијата | Друштво за услуги и промет КНИГОПРИМА КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје | 1,179,995 | 195,880 | 16.60 | - |
| 3 | 18311/2023 | Услуги | 05-204/1 од 24.01.2024 | Набавка на услуги од агенција за привремени вработувања | СПИД Скопје | 46,020,000 | 21,015,753 | 45.67 | - |